Врз основа на член 17 став (7) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И НА БАРАЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на ослободување од плаќање на данокот на моторни возила, формата и содржината на потврдата за ослободување од плаќање данок на моторни возила и на барањето за ослободување од данок на моторни возила и потребната документација.

**Член 2**

(1) Остварувањето на правото за ослободување од плаќање данок на моторни возила согласно член 17 став (1) точка 2) од Законот за данок на моторни возила (во понатамошниот текст: законот) се спроведува согласно царинските прописи со кои е уредена постапката за ослободување од плаќање на увозни давачки при привремен увоз.

(2) Остварувањето на правото за ослободување од плаќање данок на моторни возила согласно член 17 став (1) точки 1) и 3) од законот се спроведува преку увозната постапка согласно царинските прописи, при што се поднесува потврда за ослободување од плаќање данок на моторни возила.

**Член 3**

(1) Потврдата за ослободување од данок на моторни возила се издава на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Формата и содржината на потврдата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

(1) Барањето за издавање потврда за ослободување од плаќање данок на моторни возила согласно член 17 став (1) точки 1) и 3) од законот се поднесува на хартија во бела боја во А-4 формат.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Кон барањето за издавање потврда за ослободување од плаќање данок на моторни возила согласно член 17 став (1) точки 1) и 3) се приложува следната документација:

- фактура или договор за купопродажба на моторно возило;
- документ за идентификација на возило со историска вредност во случај на увоз на возило со историска вредност (“олдтајмер“) издаден од правно лице за технички преглед овластено за идентификација и оценка на техничката состојба на возилата;
- документ за идентификација на возилото;
- документ за регистриран член на спортски клуб за спортски натпревари со возила, во случај на увоз на возило од член 17 став (1) точка 1) наменето исклучиво за спортски натпревари и
- изјава од лицето кое го увезува возилото од член 17 од законот дека истото нема да биде користено за изнајмување, за награда, за трговија или друга деловна активност.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 20 –_________ Министер за финансии

____________ 2019 година д-р Нина Ангеловска

Скопје